# Општина Бутел

**ОПШТИНА БУТЕЛ**
Секретар на Општина
АРХИВСКИ БР:
09-934/3
18.05.2023год

Општина Бутел

Ул Бутелска бр.4,
1000 Скопје,
Тел. : +389 2 2600-506
Фах. : +389 2 2600-306
www.opstinabutel.gov.mk

Согласно член 11, член 30 став 1 алинеа 2 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18; и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 14/20; 215/21 и 99/22) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција , во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ( „Сл. весник на РМ" бр. 35/18), Секретарот на Општина Бутел објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2023**
**за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Бутел**

Општина Бутел објавува интерен оглас за унапредување на **1 (еден)** административен службеник на следното работно место:

**1. Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој, Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој со звање Раководител на сектор и шифра УПР 0101 Б02 000- 1 (еден) извршител.**

**Општи услови**
-да е државјанин на Република Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здраствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
-ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Геодезија или архитектура, урбанизам и планирање или градежништво и водостопанство.
- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- потврда за положен испит за административно управување.

**Општина Бутел**

**Распоред на работно време:**
-работни часови во неделата: 40
-работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30-08:30 и со завршеток од 15:30-16:30.

-Паричниот нето износ на основната нето плата 43.070,00 денари.

Кандидатите за унапредување треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Бутел, како и:

-да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
-да поминал најмалку две години на исто ниво и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во Општина Бутел кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавување на огласот.
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Општина Бутел како и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси на следната електронска пошта:hr@opstinabutel.gov.mk

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошната постапка.

**Секретар на Општина**

**Вене Тасев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ

**Општина Бутел**

## ПРИЈАВА
### за унапредување на административен службеник преку ИНТЕРЕН оглас

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на оглас | | Приемен штембил архива на Општина Бутел | |
| Реден број на работно место за кое аплицирате | | | |

**Лични податоци**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Датум и место на раѓање | |
| Адреса и место на живеење | |
| Електронска адреса | |
| Контакт телефон | |
| Етничка припадност | |

**Образование**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Образовна институција | | | | | |
| Насока на завршено образование | | | | | |
| Степен на образование | | | | | |

**Работно искуство**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тековно работно место | | | | | |
| Ниво и работно искуство | | | | година | месеци |
| Област во која е стекнато работното искуство | | | | | |
| Вкупен работен стаж искуство | | | | | |

**Доставени документи за исполнување на потребните услови**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Доказ дека е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас | ДА | | НЕ | |
| Доказ дека поминал две години на тековното работно место | ДА | | НЕ | |
| Доказ дека не му е изречена дисциплинска мерска во последнта година пред објавувањето на интерниот оглас | ДА | | НЕ | |
| Доказ дека е оценет со" А" или "Б" при последното оценување | ДА | | НЕ | |

Согласен сум личните податоци наведени во пријавата да се користат исклучиво за цели на постапката на унапредување по пат на Интерен оглас во Општина Бутел.

Воедно, под материјална и морална одговорност потврдувам дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оргиналот.

**Податоци за подносителот на пријавата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис | | Датум на поднесување | |